Врз основа на член 61 и член 65 од Законот за животна средина (Сл.весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина („Службен весник на РМ" бр.147/08) како и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓ.Петров („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.13/14), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров - Скопје го дава следното:**

# И З В Е С Т У В А Њ Е

## За Јавна расправа и јавен увид

### по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на Урбанистички план за Ново Село, Општина Ѓорче Петров-Скопје

**Се известуваат јавноста и невладините организации ,граѓаните и правните лица, дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на Јавна расправа и јавен увид по Нацрт Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина на Урбанистичкиот план за Ново село, Општина Ѓорче Петров-Скопје,изготвен од Друштво за градежништво, промет и услуги, ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнел и др. ДОО Скопје.**

- **Јавниот увид ќе се спроведе со излагање на Извештајот во просториите на Општина Ѓорче Петров–Одделение за Урбанизам и просторно планирање, на ул.Ѓорче Петров бр.10, Скопје и на веб страната на општината www.opstinagpetrov.gov.mk и ќе трае 30 дена сметано од денот на објавувањето во јавното гласило „Вечер" и на веб страната на општината.**
- **Јавната расправа по Извештајот за стратегиска оцена на влијание врз животната средина** изготвен од Друштво за градежништво, промет и услуги, ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнел и др. ДОО Скопје ќе се одржи во просториите на општина Ѓорче Петров (сала за состаноци)на ул.Ѓорче Петров бр.73, Скопје на **07.09.2018год. со почеток во 09 ч.**

Во определениот рок заинтересираната јавност, правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да доставaт мислења по истиот на **kontakt@opstinagpetrov.gov.mk.**

**Број** 03-2951/2
16.08 **2018год.**
**С к о п ј е**

Општина Ѓорче Петров
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Александар Наумоски**